Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-76/5
03-03-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-76 од 01.02.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против Агенција за супервизија на осигурувањето, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), на 01.03.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус во областа на образование, од страна на Агенција за супервизија на осигурувањето врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-76 од 01.02.2022 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус, во областа на образование од Агенција за супервизија на осигурувањето.

Во претставката е наведено дека врз подносителот била извршена дискриминација при полагањето на стручниот испит за овластен актуар, кој е спроведуван од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Најпрво, подносителот наведува дека бил дискриминиран во однос на другите кандидати при спроведувањето на испитот по предметот Веројатност и статистика, со тоа што во вториот испитен рок бил намален материјалот за полагање на максимум 70%, споредено со материјалот кој требало да биде совладан во однос на полагањето во првиот испитен рок. Понатаму, подносителот на претставката тврди дека бил дискриминиран при спроведувањето на испитот по предметот Стохастичко моделирање, со тоа што за другите кандидати времето за полагање било продолжено за дополнителни 30 минути. Со тоа, според подносителот на претставката е прекршена одредбата од Дел II, точка 10 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на испити по предметите од Наставната програма за спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар од 02.03.2021 година. На крај, подносителот на претставката тврди дека при полагањето на испитот по предметот Економија. Подносителот тврди дека бил дискриминиран во однос на другите кандидати со тоа што Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар

не одлучила по неговиот приговор, кој се однесувал на полагањето на испитот по предметот Економија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 04.02.2022 година испрати Известување бр. 08-76/3 за произнесување по наводите од претставката до Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

На ден 21.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Агенцијата за супервизија на осигурувањето како одговор на претставката. Во одговорот се негира било каков дискриминаторски однос кон подносителот на претставката, наведени се повеќе факти и докази кои се однесуваат на наводите од претставката.

Во однос на тврдењето на подносителот дека бил дискриминиран во однос на другите кандидати при спроведувањето на испитот по предметот Веројатност и статистика, во одговорот на претставката е наведено дека во вториот испитен рок, испитот бил спроведен согласно Правилникот за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар (Службен весник на Република Северна Македонија бр.280/2020 од 25.11.2020 година). Имено, во вториот испитен рок испитот бил спроведен, според прашањата изготвени од страна на задолжениот едукатор [redacted] и истиот го опфаќал целиот испитен материјал по предметот Веројатност и статистика. И покрај фактот што во првиот испитен рок биле зададени 13 задачи со помала тежина, а во вториот испитен рок 9 задачи со поголема тежина, не може да се дојде до заклучок дека дошло до намалување на обемот на испитниот материјал. На тој начин, соодветно биле испочитувани член 2 став 2, член 5 став 7, член 12 став 2, член 13 став 2 и член 13 став 5 од Правилникот.

Што се однесува до вториот навод во претставката, дека подносителот бил дискриминиран при спроведувањето на испитот по предметот Стохастичко моделирање, со тоа што другите кандидати добиле дополнителни 30 минути, во одговорот од АСО е наведено дека сите кандидати добиле еднаков третман и по завршувањето на испитот, еден по еден, ги предале своите анонимизирани испитни тетратки, со цел да се изврши шифрирање на истите. Па така, не било возможно да биде познат идентитетот на кандидатот и да биде извршена дискриминација.

Во однос на третиот навод, дека при полагањето на испитот по предметот Економија Комисијата за спроведување на стручниот испит за актуар не одлучила по поднесениот приговор, од АСО наведуваат дека по Приговор бр.13-665/1 од 26.11.2021 година, Комисијата за спроведување на стручниот испит на ден 29.11.2021 година, организирала средба на Webex платформата, со цел извршување на увид и одлучување по поднесениот приговор од страна на кандидатот [redacted], како и на приговорот поднесен од друга кандидатка која не го положила испитот. При спроведувањето на увидот биле разгледани сите испитни задачи и нивните решенија, при што било извршено и образложение на бодувањето од страна на едукаторот по предметот Економија, проф.

[redacted]. Кандидатот не бил задоволен од образложенијата на едукаторот и се обидел да даде поинакво толкување на одговорите. Во текот на увидот, едукаторот се согласил некои од прашањата да бидат прифатени како делумно точни. Комисијата на ден 02.12.2021 година одржала уште еден состанок и детално ги разгледала доставените забелешки на кандидатот и резултатите од претходно спроведениот увид. По состанокот, било утврдено дека забелешките се неосновани, а со извршената корекција на бодувањето и дополнително доделените поени, сепак не бил достигнат потребниот минимум за положување на испитот.

Од сето горенаведено се констатира дека подносителот на претставката бил третиран еднакво со останатите кандидати при полагањето на испитите по предметите Веројатност и статистика, Стохастичко моделирање и Економија. При тоа, било постапено согласно одредбите од Правилникот за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар, Упатството за начинот и постапката за спроведување на испити по предметите од Наставната програма за спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар и било соодветно одлучено по поднесениот приговор од страна на кандидатот.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Агенција за супервизија на осигурувањето врз основа на личен или општествен статус, во областа на образование врз [redacted]

Скопје
01.03.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]
- Агенција за супервизија на осигурување, ул. Македонија ББ, Палата Лазар Поп Трајков, 5ти кат, 1000 Скопје



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk